Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
**Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr. 02 - 156/1
31.08.2022
**Скопје/Shkup**

# Државен инспекторат за локална самоуправа

# Стратешки план
# 2023-2025

Август 2022


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale

Бул "Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul"Goce Delcev"nr.18, kat-12 ,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

# Содржина

**1.1** Мисија ........ 5

**1.2** Визија ........ 5

**1.3** Задачи и обврски на Државниот инспекторат за локална самоуправа ........ 5

**1.4** Специфичности на ДИЛС ........ 5

**1.5** Организациска структура на ДИЛС ........ 6

**1.6** Програма на ДИЛС ........ 7

**2.** План за спроведување .... ........ 8

**3.** Влијанија врз човечките ресурси ........ 15

**4.** Принципи на правична застапеност ........ 15

**5.** Развивање на заедничките функции ........ 15

Листа на кратенки

ДИЛС - Државен инспекторат за локална самоуправа

ЕЛС - Единици на локална самоуправа

ИПА - Предпристапен инструмент на ЕУ МЛС -

Министерство за локална самоуправа

TAIEX - Technical Assistance and Information Exchange instrument of the European Commission (Интрумент на Европската комисија за техничка поддршка и размена наинформации)

УНДП - Програма за развој на обединетите нации

## Обраќање на директорот

Почитувани,

Пред вас е вториот Стратешки план на Државниот инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 година. Документот е одговор на заложбите на инспекторатот за реализирање активности и дефинирање основни насоки на дејствување на институцијата во следните три години. Воедно, во него се инкорпорирани и утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во доменот на локалната самоуправа.

Стратешкиот план на Државниот инспекторат за локална самоуправа, како среднорочен стратешки документ, ја поставува основата за работење на институцијата во определена временска рамка и во согласност со законските надлежности. Со законските измени кои стапија на сила во 2014 година, Државниот инспекторат за локална самоуправа се стекна со својство на правно лице. Тоа значеше поголема финансиска самостојност и слобода во начинот на работењето, но истовремено и многу поголема одговорност кон реализацијата на владините стратешки планови и приоритети. Едновремено овозможи учество во процесот на јакнење на административните капацитети со цел зголемување на ефикасноста на јавната администрација.

Преку вршење надзор над законитоста на прописите на општините, како и над постапката на нивно донесување, Државниот инспекторат за локална самоуправа директно влијае на начинот на работењето на општините, на нивната отчетност и транспарентност. На тој начин го овозможува и штити остварувањето на правата на граѓаните во согласност со законските прописи. Преку ефикасно имплементирање на надлежноста, инспекторатот придонесува кон јакнење на професионалните административни капацитети на единиците на локалната самоуправа и кон стабилни институции на државата. Крајно, придонесува кон градење темел за обезбедување квалитетни јавни услуги на сите нивоа, преку кои се подобрува квалитетот на живеење.

Државниот инспекторат за локална самоуправа пред себе има одговорна задача. Токму затоа, со стратешко планирање, создаде корисна алатка со која институцијата ја оцени моменталната позиција и истовремено ги идентификуваше потенцијалите и идните предизвици. Дефинирајќи јасна мисија и визија, со Стратешкиот план на Државниот инспекторат за локална самоуправа се поставуваат главните цели и задачи на органот во следниот период, преку креирање на конкретни активности и динамика на нивно исполнување.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul"Goce Delcev"nr.18, kat-12 ,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Очекувам целосна имплементација на Стратешкиот план на Државниот инспекторат за локална самоуправа за периодот 2023-2025 година преку посветено ангажирање на човечките и материјалните капацитети на институцијата. Со тоа ќе придонесеме кон обезбедување на ефективен, ефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, како и кон зголемување на квалитетот на услугите кои што општините ги испорачуваат на граѓаните во сите единици на локална самоуправа.

В.Д.Директор,

Африм Ќоку

## Вовед

Стратешкиот план на Државниот инспекторат за локална самоуправа е вториот стратешки документ на институцијата кој е подготвен согласно нејзините надлежности, а врз основа на нормативната рамка за стратешко планирање на Генералниот Секретаријат на Република Северна Македонија.

Стратешкиот план ги содржи приоритетите и стратешките цели на Инспекторатот за периодот од 2020 до 2022 година, кои што се насочени кон имплементација на годишните програми на Инспекторатот, месечните планови за работа како и кон стремежот за негова до- институционализација.

При подготовката на Стратешкиот план беа земени во предвид следните начела:

- **Независноста на институцијата**
  Државниот инспекторат за локална самоуправа е посебно правно лице со сопствена буџетска сметка и независна владина институција со раководно лице - директор, кое самостојно ги носи одлуките согласно надлежностите на институцијата.
- **Уникатната улога**
  По својата мисија, надлежност и права, Државниот инспекторат за локална самоуправа е единствена институција во регионот и пошироко, што му дава уникатна улога во системот за локална самоуправа.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul"Goce Delcev"nr.18, kat-12 ,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

- **Транспарентноста во работењето**
  Младиот и стручен тим на Инспекторатот ги врши своите задолженија и обврски на транспарентен начин, споделувајќи информации, податоци и материјали во рамките насамата институцијата, со МЛС и со сите останати засегнати чинители.
- **Поврзаноста со системот на локална самоуправа,** поточно Стратешкиот приоритет 1 на Министерството за локална самоуправа, „Развивање на ефективен систем на локална самоуправа и одржлив локален развој" т.е. Приоритетната цел 1:
  „Воспоставување на ефективен систем за следење на функционалноста на единиците за локална самоуправа". Преку ова се обезбедува и поврзаност со приоритетите на Владата.
- **Отвореноста кон соработка со регионот и светот**
  Мотивирани од својата уникатна улога и водени од концептот на доживотно учење, вработените во Инспекторатот се отворени за соработка и споделување на искуства, знаења и пристапи со земјите во регионот, но и пошироко во светот.

Процесот на изработка на првиот Стратешкиот план е поддржан од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

## 1.1 Мисија

Вршиме надзор над законитоста на донесените прописи, како и над постапката за нивно донесување од страна на органите на единиците на локална самоуправа, советуваме и едуцираме заради подобрување на состојбите во локалната самоуправа и зголемување на задоволството на граѓаните преку испорака на квалитетни услуги од страна на единиците на локална самоуправа.

## 1.2 Визија

Видлива и изградена функционална институција која се залага за подобрување на соработката меѓу органите на единиците на локална самоуправа, граѓанскиот сектор и граѓаните за реализација на нивните уставно загарантирани права.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul"Goce Delcev"nr.18, kat-12 ,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov.mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

## 1.3 Задачи и обврски на Државниот инспекторат за локалнасамоуправа

Државниот инспекторат за локална самоуправа (ДИЛС) како независно правно лице врши надзор над законитоста на прописите на општините, како и надзор над постапката на нивното донесување. Државниот инспекторат за локална самоуправа (ДИЛС)е основан со Законот за Државен инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 ) со кој се уредуваат надлежноста и организацијата на ДИЛС, видовите и постапките за вршење инспекциски надзор, овластувањата на инспекторите, соработката со органите на државната управа, граѓаните и други физички и правни лица. Основна заложба и цел на ДИЛС е обезбедување на поефективен, поефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, со цел унапредување на нивната законитост.

## 1.4 Специфичности на ДИЛС

ДИЛС е орган во состав на Министерството за локална самоуправа, а од 01.06.2014 година со одлука на Владата на Република Македонија стекнува статус на независна владина институција со раководно лице кое самостојно ги носи одлуките согласно надлежностите на институцијата. Со работата на ДИЛС раководи директор, кој го именува и разрешува директно Владата на Република Северна Македонија. ДИЛС подготвува годишна програма и извештај како и месечни планови за работата на инспекторите кои ги доставува до Владата и до Инспекцискиот совет.

ДИЛС има статус на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно на закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul"Goce Delcev"nr.18, kat-12 ,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

## 1.5.Организациска структура на ДИЛС



## 1.1 Програма на ДИЛС

Државниот инспекторат за локална самоуправа за периодот 2023-2025 година има предвидено една програма која е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, како и на приоритетите и целите на Министерството за локална самоуправа.

Програмата „Надзор над законитоста на прописите донесени од страна на органите на единиците на локална самоуправа" има за цел да обезбеди ефективен, ефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите донесени од страна на ЕЛС. Тоа ќе го направи преку следење и исполнување на стратешките приоритети:

**Стратешки приоритет 1**
**Спроведување на инспекцискиот надзор согласно Годишните програми за работа на ДИЛС**

**Стратешки приоритет 2**
**Зајакнување на позицијата на Инспекторатот во системот на локална самоуправа**

**Стратешки приоритет 3**
**Зголемување на видливоста на ДИЛС во земјава и во регионот**

2. План за спроведување

## 2.1 Програма 1 - Надзор над законитоста на прописите донесени од страна на органите наединиците на локална самоуправа

### А. Оправданост и дизајн на Програмата 1

*Образложение* Програмата 1 произлегува од:

**1.** **Стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на РСМ содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2023 година**:

**Приоритети:**

- јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа
- полноправно членство на Република Македонија во НАТО и ЕУ,
- Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и
- почитување,

**Приоритетната цел:**

- Унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги,

зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење.

**2.** НПАА:

- Поглавје: 1. Политички критериуми
- Подрачје: 1.1 Демократија и владеење на правото
- Сектор: 1.1.1 Влада


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul"Goce Delcev"nr.18, kat-12 ,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

**3. Стратешките приоритети и цели на Државниот инспекторат за локална самоуправа:**

**Стратешки приоритет** 1 *Спроведување на инспекцискиот надзор согласно Годишната програми и месечните планови за работа на ДИЛС*

**Стратешки приоритет 2** *Зајакнување на позицијата на Инспекторатот во системот на локална самоуправа*

**Стратешки приоритет 3** *Зголемување на видливоста на ДИЛС во земјава и во регионот*

**Стратешка цел 1.1:** Инспекциски надзори вршени во континуитет

**Стратешка цел 2.1:** Продлабочена континуирана соработка со МЛС и ЕЛС

**Стратешка цел 2.2:** Зајакнати институционални капацитети

**Стратешка цел 3.1:** Зајакната меѓу-институционална и меѓународна соработка

**Цел на Програмата:** Обезбедување на ефективен, ефикасен и правно регулиран систем нанадзор над законитоста на прописите донесени од страна на ЕЛС

**Показатели за успех на Програмата:**

- Број на извршени редовни инспекциски надзори
- Број на извршени редовни инспекциски надзори
- Број на заеднички активности со МЛС
- Број на договорени меѓународни активности и соработки

Програмата ***е хоризонтална и вертикална.***


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул "Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul"Goce Delcev"nr.18, kat-12 ,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

**Б. План за спроведување на Програмата 1**

| Цел | Активности | Одговорни лица | Консултирани лица | Временска рамка | | Индикатори | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Почеток | Крај | | Човечки | Финансии |
| **Инспекциски надзори вршени во континуитет** | Изготвување на годишни програми за инспекциски надзор | Виш инспектор | Директор на ДИЛС | 2.01 | 31.01 | Изготвена годишна програма | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Изготвување на месечни планови за инспекциски надзор | Инспектори, Виш соработник | Директор на ДИЛС | 1. во месецот | до 10. во месецот | Изготвен месечен план | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Спроведување на посети согласно програмите | Инспектори | Директор на ДИЛС | Континуирано во текот на годината | | Број на извршени редовни инспекциски надзори | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Изготвување на извештаи | Инспектори | Директор на ДИЛС | 1.03 | 31.03 | Број на изготвени извештаи | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Вонредни инспекциски надзори | Инспектори | Директор на ДИЛС | По добиена претставка или допрен глас | | Број на вонредни инспекциски надзори | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |

| Цел | Активности | Одговорни лица | Консултирани лица | Временска рамка | | Индикатори | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Почеток | Крај | | Човечки | Финансии |
| **Продлабочена соработка со МЛС и ЕЛС** | Координирани/ заеднички посети (решавање на проблеми) по плански региони (по потреба/претставка) | Министер/ Директор и Инспектор | | Континуирано и/или по налог на Инспекциски Совет | | Број на одржани заеднички посети | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одржување на заеднички месечни работни состаноци со МЛС | Министер, Директор на ДИЛС, раководители на сектори од двете институции | | Еднаш месечно | Број на одржани месечни заеднички состаноци | | Буџет на ДИЛС |
| | Заеднички работилници за споделување на знаења, искуства вештини | Сите вработени во МЛС и ДИЛС | Директор, Министер за ЛС | По потреба | Број на организирани работилници<br>Број на споделени искуства вештини и знаења | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Постојани консултации (на секојдневно ниво) | Сите вработени во МЛС и ДИЛС | Директор, Министер за ЛС | Континуирано | Број на одржани консултации | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |

| **Цел** | **Активности** | **Одговорни лица** | **Консултирани лица** | **Временска рамка** | | **Индикатори** | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Почеток** | **Крај** | | Човечки | Финансии |
| **Подобрени институционални капацитети на ДИЛС** | Вработување на нови стручни лица | Одделение за човечки ресурси и | Директорот на ДИЛС | 2023 | 2025 | Број на нововработени | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Наоѓање на нови простории и селење | Вработените во ДИЛС<br>Фирма за селење | Директорот на ДИЛС | 01.2023 | 12.2025 | Организацијата преселена во нови простории | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Поднесување барање до донатори за техничка поддршка | Помлад соработник и Помлад референт | Директор на ДИЛС | Во континуитет | | Број на поднесени барања<br>Број на позитивно одговорени барања | Одговорни лица | Донатори |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување на процедури и ИСО Стандардизација | Помлад соработник | | 2.01.2023 | 31.12.2023 | Воведена ИСО стандардизација | | Донатори |
| | Лобирање за измени и дополнувања на постоечкиот закон за ДИЛС | Директорот на ДИЛС, Виш инспектор, и помлади инспектор и соработник | | Во континуитет | | Донесени измени во Законот | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Редовно ажурирање на веб страната | Помлади соработници | | Во континуитет, согласно активностите | | Број на постови на веб страницата<br>Број на посети | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | Организирање на средби со граѓаните по плански региони | Помлади соработници и инспектор | Директор на ДИЛС | 05.2023 | 09.2025 | Број на организирани средби<br>Број на присутни граѓани на средбите | Одговорни лица | Донатори |
| | Редовна комуникација со медиумите преку редовни соопштенија и организирање на прес конференции | Помлад соработник | Директор на ДИЛС | Континуирано | | Број на соопштенија | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |

| Цел | Активности | Одговорни лица | Консултирани лица | Временска рамка | | Индикатори | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Почеток | Крај | | Човечки | Финансии |
| | TAIEX поддршка за организирање на | Помлад соработник, | Директор на ДИЛС | 05.2023 | 12.2025 | Број на учесници на работилницата | Одговорни лица | Донатори |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Набавка на техничка опрема | Одделение за финансиски прашања, Виш соработник | Директор на ДИЛС | 01.2023 | 12.2025 | Број и вид на ново-набавена опрема | Одговорни лица | Донатори Буџет на ДИЛС |
| | Набавка на две нови возила преку донација и јавна набавка | Одделение за финансиски прашања, Виш соработник и Помлад соработник | Директор на ДИЛС | 01.2023 | 05.2025 | Број на нови возила | Одговорни лица | Донатори Буџет на ДИЛС |
| | Ангажирање на надворешни консултанти за изготвување и аплицирање за ИПА проект за градење на институционалните капацитети | Директорот на ДИЛС | | 01.2023 | 02.2025 | Изготвен ИПА проект Доставен ИПА проект | Надвореш ни експерти | Донатори |
| | Изготвување на функционална анализа | Помлади соработници и стручни лица | Директор на ДИЛС | 3.02.2023 | 29.02.2025 | Изготвена функционална анализа | Надвореш ни експерти | Донатори или Буџет на ДИЛС |
| | Измени и дополнувања во Актот за систематизација | Сектор за човечки ресурси и Виш Соработник и Помлад соработник | Директор на ДИЛС | 3.02.2023 | 29.02.2025 | Изменет и дополнет Акт за систематизација | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |

## 3. Влијанија врз човечките ресурси

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреба од обуки |
|---|---|---|---|
| **Надзор над законитоста на прописите донесени од страна на органите на единиците на локална самоуправа** | *Постои потреба од зголемување на бројот на вработени во ДИЛС, особено инспектори* | *Потребата ќе се идентификува преку Функционална анализа* | *Потребата ќе се идентификува по извршената Функционална анализа* |

## 4. Принципи на правична застапеност

| Очекувано влијание во 2023 | Очекувано влијание во 2024 | Очекувано влијание во 2025 |
|---|---|---|
| Согласно утврдената динамика во Годишниот план за правична и соодветна застапеност на заедниците | | |

## 5. Развивање на заедничките функции

Заедничките функции на Државниот инспекторат за локална самоуправа ( Развивање политики и стратешко планирање, Подготвување и извршување на буџетот и управување со средствата, Управување со човечки ресурси, Управување со ИТ, Координирање со странска помош, Односи со јавноста и Внатрешна ревизија) се очекува да бидат до-оформени во текот на 2020 година, со извршувањето на Функционалната анализа и вработувањето на нови лица во Инспекторатот кои ќе бидат обучени за спроведување на овие функции.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развиена меѓународна соработка** | регионална работилница за инспекциски надзор (Црна Гора, Косово, Албанија, Србија, Босна, С. Македонија + ЕУ земји Бугарија, Словенија и Хрватска) | | | | | | | |
| | Организирање на билатерални состаноци со земјите во регионот и Европа и пошироко | Помлад соработник | Директор на ДИЛС | Во текот на 02., 04., 06., 08., 10., 12. месец на годината | | Број на состаноци<br>Број на договорени соработки<br>Број на заеднички проекти | Одговорни лица | Буџет на ДИЛС |
| | TAIEX поддршка за студиска посета | Помлад соработник | Директор на ДИЛС | 03.2023 | 08.2025 | Одржана студиска посета | Одговорни лица | Донатори |

| | |
|---|---|
| Вкупно активности во 2023 | 23 |
| Вкупно активности во 2024 | 15 |
| Вкупно активности во 2025 | 14 |
| Вкупно активности за Програма 1 | 52 |